**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-781/14**
**Скопје, 05.12.2005 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „БАЧ„**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на единицата на локална самоуправа Бач за 2004 година, кои се прикажани на страните од 9 до 11 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Бач за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Живко Стојковски, градоначалник на општина Бач, од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 27.09.2005 до 03.10.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР, и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов , Виш ревизор
- Лила Зафировска - Ревизор;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат

финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на акти**

10.1.1. Кај благајничкото работење постапувано е спротивно на Законот за платен промет и на одредбите за благајничко работење и ревизијата ги утврди следните наоди:

- Нема донесено Одлука за благајнички максимум;
- Благајничките извештаи не се изготвуваат редовно при секоја промена на состојбата во благајната и не се поткрепени со комплетни сметководствени документи (каса исплати, фискални сметки, списоци, спецификации), со кои ќе се потврдат исплатите од благајната.

Предходното доведува до нереално искажување на паричните средства во благајната и можни злоупотреби на истите.
**Препорака:**
Општина Бач согласно Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија (Сл.весник на РМ бр.55/04), е населено место на општина Новаци, во тој контекст операционализацијата на препораките дадени во овој извештај е во надлежност на општина Новаци. При изготвување акт за благајничко работење треба да се имаат во вид и недостатоците кои се јавуваат кај благајничкото работење во оваа општина.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Општината нема воспоставен систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, што е спротивно на член 17 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник бр.61/02). Советот на општина Бач нема формирано Одбор за контрола на финансиско материјалното работење, кој треба да го информира Советот на општината за материјално финансиското работење. Ефектот од немање на редовна внатрешна сметководствена контрола овозможува ненаменско трошење на јавните средства и зголемени трошоци.

**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од Законот за буџети, Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поточно член 17 и да се воспостави систем на редовна внатрешна сметководствена контрола.

10.2.2. Општината не ги евидентира вложувањата во нематеријални средства – проекти согласно Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Во текот на 2004 година по овој основ има направено расходи во вкупен износ од 12 илјади денари кои не се соодветно евидентирани како зголемување на вредноста на истите и истовремено зголемување на Државниот- јавен капитал. . Во Општина Бач нема воведено евиденција на нематеријалните вложувања, истото е резултат на една подолго применувана пракса. Нереалното искажување на нематеријалните средства допринесува за нереално искажување на постојаните средства и нивните извори.

10.2.3. Општината располага со материјални средства како што се локални улици и патишта и други капитални објекти кои во книговодството на општината не се евидентирани на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Во текот на 2004 година, на објекти од овој вид по разни основи, има направено расходи во вкупен износ од 1,321 илјади денари кои воопшто не се разграничени и соодветно евидентирани како зголемување на вредноста на истите и истовремено зголемување на Државниот- јавен капитал. Во Општина Бач нема воведено евиденција на спомenатите објекти, истото е резултат на една подолго применувана пракса. Нереалното искажување на материјалните средства допринесува за нереално искажување на состојбата на средствата и изворите на истите.
**Препорака:**
Општина Новаци да преземе мерки и активности за евидентирање на локалните патишта и улици, водоводи и други комунални објекти кои припаѓаат на досегашната општина Бач, односно да се воведе пракса за евидентирање на капиталните расходи на соодветните конта за материјани и нематеријални средства и Државниот- јавен капитал.

10.2.4. За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба, реновирање и друг вид на вложување правниот субјект не води евиденција на позицијата Материјални средства во подготовка, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект (пат, улица, или друг објект), соодветно на тоа и да се евидентира зголемување на набавната вредност и деловниот фонд, при давање на истите во употреба.
**Препорака:**
Вложувањата во материјалните средства да се евидентираат на ставките за инвестиции во тек – градежни објекти, опрема и друго и по активирањето да се евидентираат од овие ставки на ставките за Материјални средства во употреба и истовремено да се изврши зголемување на Деловниот фонд.

10.2.5. Со увидот во сметководствената евиденција ревизијата утврди дека набавените материјали не се евидентираат на залиха, ниту се евидентираат промените ( прием и издавање) на материјали. Документацијата за прием и издавање на материјалите не е воопшто оформена ниту има задолжено лице за ракување со материјалите.

Спротивно на сметководствените принципи и начела не се врши и евиденција на набавката и давањето во употреба на ситниот инвентар со соодветно зголемување и намалување на Фондот на залихи на материјали и ситен инвентар.
Ваквиот начин на работење е спротивен на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и придонесува да се нема увид во состојбата на залихите на материјали и ситен инвентар како и за потрошокот на истите.

**Препорака:**

Општината при утврдување на сметководствените принципи и начела треба да ги почитува и следните:

- За набавката на материјали да се воведе материјална евиденција, а при трошењето на истите да се изготвува соодветна документација требование, работен налог или извештај како би можело точно да се види каде истите биле потрошени.
- Согласно сметководствените принципи и начела утврдени со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници да се врши евидентирање на набавениот ситен инвентар и неговото давање во употреба со соодветно зголемување и намалување на Фондот на залихи на материјали и ситен инвентар,

10.2.6. Не се применети годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисници пропишани согласно Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ бр. 28/03), кое допринесува за нереално искажување на вредноста на материјалните средства и државниот јавен капитал. Ова е последица на неинформираноста за промените на законската регулатива која го третира ова прашање.

**Препорака:**

Надлежното одделение во Општина Новаци да преземе мерки да се применуваат стапките за отпис пропишани со Правилник за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

## 10.3.Неправилности во искажување на приходите и расходите

10.3.1. Ставката Основни плати и наемнини во Билансот на приходи и расходи во делот на потставката Основни плати функционери, е преценета во вкупен износ од 157 илјади денари за исплатената нето плата на Секретарот на Советот, за кој износ е потценета подставката основни плати работници. Наведеното е спротивно на одредбите на Законот за исплата на плати во Република Македонија.
Поради непостоење на акт за пресметка на плата на погоре наведеното лице, во согласност со критериумите кои важат за вработените во органите на општината, ревизијата не е во состојба да го квантифицира ефектот на предходниот наод врз вишокот на приходи над расходи.

**Препорака:**

При исплатата на платите треба да се почитуваат одредбите од Законот за исплата на плати и надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и на другите избрани и именувани лица за лицата кои имаат третман на функционери а за останатите Законот за исплата на плати во РМ.

10.3.2. Ставката Нето основни плати кај Подставката надоместоци е преценета за вкупен износ од 66 илјади денари за кој износ се преценети трошоците и е потценет вишокот на приходи над расходи за исплатен надомест по решение за дополнителен ангажман во работењето на советот и останатите органи на општината за Градоначалникот и Секретарот на Советот, што е спротивно на член 17в од Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката.


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*
*Овластен државен ревизор*

10.3.3. Ставката Придонеси од плати и персонален данок во Билансот на приходи и расходи е преценета, а е потценет вишокот на приходи над расходи за износ од 11 илјади денари за платениот персонален данок за предходно споменатите исплати на надоместоци. Необјективно исплатените надоместоци спротивно на Законот за локална самоуправа, доведуваат до зголемени трошоци по основ на персонален данок.

**Препорака:**

При исплата на надоместоците да се почитуваат одредбите од Законот за локална самоуправа, да не се исплатуваат надоместоци спротивно на законските одредби.

10.3.4. Кај ставката Стоки и услуги во Билансот на приходи и расходи евидентирани се расходи во вкупен износ од 580 илјади денари за кои финансиската документација е некомплетна спротивно на одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници,( односно фактурите немаат испратници, сметкопотврдите се без фискални сметки, нема решенија за исплата, исплати без фактури - Прилог бр. 1 од Извештајот) и тоа за:

- комуникација и транспорт, износ 39 илјади денари;
- материјали за износ од 49 илјади денари;
- тековно одржување за износ од 62 илјади денари;
- други оперативни расходи за износ од 430 илјади денари.

Немањето на соодветни интерни акти и контролни постапки доведува до зголемени трошоци, непоткрепени со исправна и комплетна документација.

10.3.5. На ставката Тековни трансфери евидентирани се расходи во вкупен износ од 135 илјади денари спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, со некомплетна финансисика документација како основ за книжење и признавање и тоа: фактури без испртаници, исплатена парична помош на граѓани без прилог документација и решенија за исплата на кои не пишува основ за плаќање (Прилог бр. 2 од Извештајот). Исплатите по некомплетната документација создаваат сомнеж за реалноста на направените трошоци .

10.3.6. За искажаните расходи во износ од 732 илјади денари на ставката Изградба, реновирање и унапредување спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, кои се однесуваат за зимско одржување на патишта, тампонирање и асфалтирање на улици и набавка на тампон материјал ревизијата се оградува од реалноста на истите поради некомплетност на приложените документи (исплати без решенија, без договор, фактури без испртаница, без потпис од надзорен орган и без градежна книга - (Прилог бр.1 точка 3 на овој Извештај). Ваквиот начин овозможува исплати непоткрепени со уредно ликвидирана документација.

**Препорака:**

Надлежната служба во општината да ги почитува одредбите од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и да воспостави внатрешни контролни постапки за уредно ликвидирање на документацијата пред исплатата на истата.

### 10.4. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата

10.4.1. Позицијата Нематеријални средства во делот на ставката Други нематеријални права во Билансот на состојбата е потценета за износ од 12 илјади денари за извршените капитални вложувања (изработка на проекти) на општина Бач а не евидентирани во сметководствената евиденција.

За истиот износ се потценети Изворите на капитални средства во делот на ставката Државен јавен капитал. За извршените вложувања надлежните лица во сметководството ги немаат спроведено соодветните книжења за зголемување на

вредноста на нематеријалните вложувања, што е спротивно на Законот за сметководство.

10.4.2. Позицијата Материјални средства кај ставката Градежни објекти во Билансот на состојбата е потценета за износ од 1,321 илјади денари за извршените и неевидентирани вложувања спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, и тоа:

- монтажа на водовод од пумпна станица до резервоар с.Бач износ 34 илјади денари;
- тампонирање и асфалтирање на улици износ од 864 илјади денари;
- за изградба на плочаст премин во с. Гермијан , износ од 423 илјади денари;

За истиот износ е потценета позицијата Извори на капитални средства ставката Државен јавен капитал. Надлежните лица во сметководството ги немаат спроведено соодветните книжења за евидентирање на истата.

**Препорака:**

Надлежната служба на Општина Новаци согласно документацијата со која располага Општината, да изврши евидентирање на капиталните вложувања и да изврши отпис, односно пресметување на амортизација согласно годишните стапки за отпис на долгорочните средства за буџетите и буџетските корисниици.

10.4.3. Позицијата Материјални средства кај ставката Опрема во Билансот на состојбата е потценета за износ од 17 илјади денари, за истиот износ е потценета и Позицијата Извори на деловни средства Државен јавен капитал поради неевидентирано набавено основно средство – телефон спротивно на одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Ова е причина за нереално прикажување на состојбата на основните средства и нивните извори со состојба на 31.12.2004 година.

**Препорака:**

Се задолжува надлежното одделени во општина Новаци да изврши евидентирање на неевидентираната опрема кај општина Бач од причина што истата веќе преставува населено место во општина Новаци.

10.4.4. За искажаната состојба на позицијата Материјални средства и Извори на капитални средства во Билансот на состојба ревизијата се оградува од реалноста на истата од причина што не постои уредна аналитичка евиденција и картици за основните средства согласно одредбите од член 8,став 2 од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и член 7,став 5 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Исто така нема соодветно обележување, инвентарисување на основните средства. Нема имотни листи за имотот со кој располага општината, односно не е евидентиран имотот согласно Решението за пренесување право на сосвеност на недвижен имот од Република Македонија на општина Бач врз основа на спроведен делбен биланс број 23-257/4 од 08.02.2000година, како и не е извршен попис на градежните објекти.

**Препорака:**

Општина Новаци да ги преземе следните активности за надминување на актуелната состојба:

- Да се обезбедат имотни листи од надлежниот орган, односно од Републичката геодетска управа, за имотот на досегашната општина Бач;
- На овој имот да се спороведе и соодветно сметководствено евидентирање во деловните книги. За утврдување на вредноста да се формира стручна комисија;
- Потребно е да се изврши обележување (инвентарисување) на основните средства со кои располага Општина Бач;

- Ревизијата препорачува да се изврши вонреден попис и правилно и реално да се утврди состојбата на постојаните средства;
- Да се обезбеди аналитичка евиденција на секое основно средство и да се отворат картици на основни средства со сите потребни елементи.

10.4.5. Позицијата Краткорочни обврски спрема добавувачи, е нереално прикажана - потценета, ревизијата констатира дека на 31.12.2004 година не се евидентирани обврски во износ од 296 илјади денари, поради востановена пракса, фактурите да се евидентираат во сметководството кога се плаќаат. Ова е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Со ваквиот начин на евидентирање се нема увид во состојбата на обврските и задолжувањата на општината.

**Препорака:**

Надлежното одделение во општина Новаци да преземе мерки за редовно евидентирање на обврските спрема добавувачите со добивањето на фактурите и да се води аналитичка евиденција по добавувачи.

## 10.5. Ненаменско и незаконско користење на средства

10.5.1.Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки:

- Не е спроведена соодветна постапка за јавни набавки во вредност од 421 илјади денари (Прилог бр.2).
- Не е донесен план и одлука за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;
- Не е донесен интерен акт-Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност;
- Не се води посебна евиденција за малите набавки .

10.5.2. За извршеното тампонирање и асфалтиарње на локални патишта и улици од изведувачот „Бабуна градба„ Велес на вкупен износ од 466 илјади денари при спроведување на постапката за јавна набавка во 2003 година постапено е спротивно на член 23 став 3, член 46 и 47 од Законот за јавни набавки (Сл.весник бр.21/02), бидејќи кај најголем дел од понудите техничката документација е нецелосна, поднесени се документи без да се заведени на нотар, без доказ за техничка способност на понудувачот согласно член 25 од Законот. Комисијата за јавни набавки спротивно на член 23 не ја обновила постапката и спротивно на член 27 не извршила бодирање на ниту една од понудите (Сл.весник на РМ 21/02 и 24/03).

10.5.3. При постапката за јавна набавка за тампонирање и асфалтирање на улици во населени места Бач и Живојно на износ од 950 илјади денари за најповолен изведувач е одбрана фирмата Марина М с. Добромири. Постапката е спроведена во текот на 2004 година и при истата не биле почитувани одредбите на член 31 точка 2, член 36 точка 1 од Законот за јавни набавки (Сл.весник бр. 19/04) општината нема изготвено тендерска документација. Спротивно на член 88 точка 1 и точка 3 од Законот за јавни набавки, не е обезбедена банкарска гаранција од понудувачот, и склучен е договор со авансно плаќање од 30%. Исто така спротивно на член 53 точка 1 алинеја 11 записникот е потпишан само од двајца членови.

Неспроведување на постапките за јавни набавки соглано Законот за јавни набавки создаваат можност за фаворизирање на одредени фирми, грешки, ја спречуваат конкуренцијата и придонесуваат за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**
Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката, а особено:

- Општината до крајот на јануари од тековната година да донесе план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;
- Општината да донесе интерен акт за регулирање на начините на набавките од мала вредност.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.3. е подценување на расходите и преценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 77 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од 1,646 илјади денари.

12. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.2. и 10.4., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Органот на општина Бач под 31 декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 10.1. до 10.5., кај единицата на локална самоуправа Бач не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

**Скопје, 02.12.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**Орган на ЕЛС Бач**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.3. | 4,482 | 2,239 |
| **Вкупно приходи** | | **4,482** | **2,239** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 1,064 | 884 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 2,196 | 573 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 195 | 89 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3,455** | **1,546** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 1,027 | 531 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1,027** | **531** |
| **Вкупно расходи** | | **4,482** | **2,077** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **162** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **0** | **162** |
| **Непокриени расходи** | | **0** | **0** |

**Орган на ЕЛС Бач**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | | 0 | 2 |
| **Вкупно тековни средства** | | **0** | **2** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.2.1. | 560 | 673 |
| **Вкупно постојани средства** | | **560** | **673** |
| **Вкупна актива** | | **560** | **675** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 2 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **0** | **2** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.2.2.1. | 560 | 673 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **560** | **673** |
| **Вкупна пасива** | | **560** | **675** |

**Орган на ЕЛС Бач**
**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| **О П И С** | **Вкупно** |
|---|---|
| **Состојба на ден 31. Декември 2004** | **1,202** |
| | **-** |
| **Зголемување по основ на:** | **20** |
| Набавки | 20 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - |
| | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **(662)** |
| Отпис на капитални средства | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - |
| Амортизација | (662) |
| | - |
| **НЕОТПИШАНА ВРЕДНОСТ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА 31.12. 2004** | **560** |

**ПРИЛОГ БРОЈ 1 точка 1**

Преглед на направени трошоци за кои не постои комплетна документација

Во 000 денари

| Р.бр | Предмет на набавка | Добавувач | Износ | Ф-ра | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | набавка на гориво | Макпетрол | 36 | сметки | Сметки без фискални сметки |
| 2 | Набавка на гуми | Интер триумф и Фикамаго Битола | 7 | Ф-ра | Фактура без испратница |
| 3 | Објавување на огласи | Н.Македонија | 2 | Ф-ра | без прилог |
| 4 | набавка на мобилен телефон | Космофон Битола | 6 | Ф-ра | Фактура без испратница и решение, не е евидентиран на ситен инвентар |
| 5 | Набавен мобилен телефон | Пелафон Битола | 17 | Ф-ра | Фактура без испратница |
| 6 | Сервисирање возило | Торпедо Битола | 6 | Ф-ра | Без испратница и работен налог |
| 7 | Услуга и материјали за улично осветлување | Елвод Битола | 158 | Ф-ра бр.10 и17 | Фактура без испратница и градежна книга |
| 8 | Набавака на материјали за улично осветлување | Електрогопет Битола | 10 | Ф-ра бр.21 | Фактура без испратница |
| 9 | трошок за репр. (гости) | Разни | 77 | Ф-ри и сметкоптврди | Фактура без испртница и сметкопотврди без фиск.сметки |
| 10 | Набавка на кожна актовка | Мона Скопје | 5 | Ф-ра | Фактура без испратница, не е книжено на ситен инвентар |
| 11 | Набавка на телефон | | 5 | сметкопотврда | Без фискална сметка |
| 12 | Набавака на канцелариски материјали, нотеси календари | Диво дизајн Битола, Ледер инжинеринг Битола, Македонска книга 28 Битола | 22 | Ф-ри, сметкопотврди | Фактура без испратница и сметкопотврди без фискални сметки |
| 13 | фотокопирање | | 8 | Фактури и сметкопотврди | Без испратница и фискални |


Ул:"Маршал Тито"бр.12/3
Палата Македонија-Скопје;
тел: 3211-262; факс: 3126-311
Овластен државен ревизор

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | сметки |
| 14 | Набавка на артикли за нова година и 8 март, | Тп Александар с.Бач, Краш маркет Битола и ТП Горица Битола | 19 | Ф-ри и сметкоптврди | Фактура без испртница и сметкопотврди без фиск.сметки |
| 15 | Изработка на апликација за кардс програма и ревизија на проект | Проинг Битола | 11 | Ф-ра | Фактура без испратница |
| 16 | Набавка апарат за притисок (поклон за МЗ с.Бач) | Венена фарм Битола | 3 | Ф-ра | Нема решение |
| 17 | Набавка на градежен материјал за црква с. Сливица | Кодит пром Битола | 13 | Ф-ра | Без испратница, нема решение |
| 18 | Набавка на градежен материјал за црква за с.Добромири | Кодит пром Битола | 25 | Ф-ра | Без испратница |
| 19 | Набавка на пумпа за вода | Дуал Битола | 150 | Проф-ра бр. 021 | Нема фактура и испратница, на решението не пишува за каде е пумпата а не е евидентирана како основно средство |
| | **Вкупно** | | **580** | | |

**ПРИЛОГ БРОЈ 1 точка 2**

Преглед на направени трошоци за кои не постои комплетна документација

Во 000 денари

| Р.бр | Предмет на набавка | Добавувач | Износ | Фактура | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Набавка на пумпа за вода | Диал Битола | 66 | Ф-ра 004 | Фактура без испратница, на решението не пишува за каде е и не е евидентирано како основно средство |
| 2 | Доделена парична помош на лице | | 8 | | Без прилог документи |
| 3 | Набавка на патики за ФК Љубов | Пеко Битола | 19 | Ф-ра 354 | Без испратница, фактура без |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | количина и ед.цена |
| 4 | Молерисување и други поправки | Нов стан Битола | 42 | Ф-ра 42 | На решението не пишува за каде е работата |
| | ***Вкупно*** | | ***135*** | | |

**ПРИЛОГ БРОЈ 1 точка 3**

Преглед на направени трошоци за кои не постои комплетна документација

Во 000 денари

| Р.бр | Предмет на набавка | Добавувач | Износ | договор | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Зимско тековно одржување на патишта | Марина М с.Добромири | 118 | Дог. бр.03/03 од 15,12,2003 год. и ф-ра бр.1 од 01,01,2004 г. | Фактура без потпис од надзор и платена е унапред, нема записник и нема работни налози за извршените работи. |
| 2 | Тампонирање и асфалтирање на локални патишта и улици | Бабуна градба - Велес | 466 | Дог.бр.03/152/1 од 30,10,2003 и, Ф-ра бр.304/30,03,04 | Фактура фотокопие ,без потпис од надзор,без град.книга, |
| 3 | Испорака на тампон | Стенон градба Битола | 148 | Ф-ра бр. 363/21,12,2004 год. | Нема скл.договор, без испратница |
| | ***Вкупно*** | | ***732*** | | |

## ПРИЛОГ БРОЈ 2

Преглед на извршени набавки спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки
Сл.весник бр. 19/04

Во 000денари

| Р.бр | Предмет на набавка | Добавувач | Износ | забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Изработен урбанистички проект за КО Скочивир и главен проект за планинаска куќа | Проинг Битола | 12 | Без постапка, сметкопотврда без фискална сметка |
| 2 | Стручен надзор за изградба на водовод | Проинг Битола | 25 | Нема понуди |
| 3 | Услуга и материјали за улично осветлување | Елвод Битола | 158 | Нема понуда |
| 4 | Набавака на материјали за улично осветлување | Електрогопет Битола | 10 | Не спроведена постапка |
| 5 | Набавка на пумпа за вода | Дуал Битола | 150 | Нема спроведена постапка |
| 6 | Набавка на пумпа за вода | Дуал Битола | 66 | Нема спроведено постапка |
| | **Вкупно** | | ***421*** | |